SONY

4-266-548-**33**(1)

# Персонален аудио приклучен систем

Упатство за употреба

Made for iPod iPhone

©2011 Sony Corporation

http://www.sony.net/

RDP-M5iP

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**За намалување на ризик од пожар или електричен шок, апаратот не го изложувајте на дожд или влага.**

За намалување на ризик од пожар, не ги покривајте вентилационите отвори на апаратот со весници, покривки, завеси и т.н. Врз апаратот не оставајте незаштитени средства за осветлување, како што се свеќи.

За намалување на ризик од пожар или електричен шок, апаратот не дозволувајте да капе нешто врз него или да прска, и не ставајте предмети полни со течност, како што е вазна, врз апаратот.

Системот не го инсталирајте во затворен простор, како библиотека или вграден плакар.

Батериите не ги изложувајте на прекумерна топлина како на пр. сонце, оган или сл. подолго време.

Бидејќи главниот кабел се користи за исклучување на единицата од штекер, поврзете го на лесно достапно место. Доколку забележите неправилности на уредот, веднаш откачете го главниот кабел од штекер.

Уредот не е исклучен од електричната мрежа се додека не го исклучите од штекер, дури и ако самиот уред се исклучи.

Името на моделот и важни информации за безбедност се поставени на дното од главниот уред и на површината на AC адаптерот.

### ВНИМАНИЕ

Опасност од експлозија ако батеријата не ја ставите правилно. Заменете самосоист тип.

**Забелешки за потрошувачите: следните информации се применуваат само за опрема која е продадена во земји кои ги применуваат ЕУ директивите**

Производител на овој производ е Sony Corporation, 1-7-1 Konan, Minato-ku, Tokyo, 108-0075 Јапонија. Овластен претставник за EMC и безбедност на производот е Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Штутгард, Германија. За сервис или во врска со гаранцијата, Ве молиме обратете се на дадената адреса.

# Мерки на претпазливост

- За да го исклучите AC адаптерот, повлечете го за приклучокот, не за кабелот.
- Бидејќи за звучниците се користи јак магнет, кредитните картички, CRT-основен ТВ или проектори, држете ги настрана од уредот да не се оштетат.
- Уредот не го оставајте во близина на топлотни извори како на пр. радијатори, или на места изложено на директна сончева светлина, прекумерна прашина, механичко вибрирање или шок.
- Овозможете соодветна циркулација на воздух да спречите внатрешно затоплување. Уредот не го ставајте на површини (ќилим, ќебе и т.н.) или во близина на материјали (завеса) кои може да ги блокираат отворите за вентилација.
- Доколку некоја течност или тврд предмет влезе во уредот, откачете го и однесете го во сервис на проверка пред повторна употреба.
- Уредот не го држете со влажни раце.
- Уредот не го ставајте во близина на вода.

### ЗАБЕЛЕШКА ЗА БАТЕРИЈАТА

- Батеријата бришете ја со сува ткаенина да обезбедите добар контакт.
- Внимавајте да има правилен поларитет при ставање на батеријата.
- Батеријата не ја фаќајте со метални ножици, во спротивно може да има краток спој.

**Забелешка**

- Во ова Упатство за употреба, "iPod" се употребува како општа карактеристика за функциите на iPod или iPhone, освен ако не е напоменато спротивно.

### Исфрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската унија и други земји со посебни собирни центри)

Овој симбол на производот или на неговото пакување укажува дека тој не треба да се третира како обичен домашен отпад. Тој треба да се однесе во посебен собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно исфрлање на овој производ, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со не-правилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. За подетални информации околу рециклирањето на овој производ, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.

Применливи додатоци: Далечински управувач

### Исфрлање на истрошените батерии (применливо во Европската унија и земји со посебни собирни центри)

Овој симбол на батеријата или на нејзиното пакување, укажува дека батеријата испорачана со овој производ не треба да се третира како обичен домашен отпад.

Некои батерии може да се означени со хемиски знак. Хемискиот симбол за жива (Hg) или олово (Pb) се ставаат на батерии кои содржат повеќе од 0.0005% жива или 0.004% олово. Со правилно исфрлање на батериите,

Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. Во случај да уредот треба да е постојано поврзан со вградената батерија, за зачувување, безбедност или интегритет на податоците, оваа батерија треба да се заменува само од квалификуван сервисен персонал. За да обезбедите правилен третман на батериите, однесете ги при крај на нивниот животен век во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За правилно и безбедно отстранување на сите типови батерии од апаратот, прочитајте го упатството за вадење на батериите од уредот. Однесете ги батериите во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За подетални информации околу рециклирањето на батериите, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.

Ако имате било какви прашања или проблеми со Вашиот уред, консултирајте се со Sony продавач.

# Друго

## Проблеми и можни решенија

### Општо

**Напојувањето не се вклучува.**
- Проверете дали AC адаптерот правилно е поврзан со штекерот.
- Проверете батериите дали се ставени правилно.
- Батериите заменете ги со нови.

**Не се слуша звук.**
- Прилагодете VOLUME +/− (VOL +/− на далечинскиот управувач).

**Се слуша шум.**
- Проверете уредот да не ево близина на мобилни телефони и т.н..

**Два музички извори се мешаат заедно за времена репродукцијата.**
- Откачете го iPod или надворешниот уред.

**Индикаторот OPR/BATT трепка.**
- OPR/BATT индикаторот трепка кога далечинското прима сигнал или кога батериите се слаби. Во овој случај, не значи дека има грешка или дефект.

### iPod

**Не се слуша звук.**
- Проверете дали iPod правилно е поврзан.

**Командата не се извршува.**
- Проверете дали iPod правилно е поврзан..

**iPod не полни.**
- Проверете дали iPod правилно е поврзан..
- Проверете дали AC адаптерот правилно е поврзан.

### Аудио влез

**Не се слуша звук.**
- Проверете дали кабелот за поврзување правилно е поврзан.

**Звукот е тивок.**
- Прилагодете ја јачината на поврзаниот надворешен уред

### Далечински управувач

**Далечинскиот управувач не работи.**
- Батериите во далечинското земенете ги со нови, ако се слаби.
- Далечинскиот управувач насочете го кон сензорот на уредот.
- Отстранете ги сите пречки меѓу далечинскиот и уредот.
- Проверете сензорот за далечинскот да не е изложен на јако светло како на пр. сонце или флуоресцентно светло.
- Приближете го поблиску до уредот кога го користите далечинското.

Ако проблемот се уште постои, конусилтирајте се со Sony продавачот.

# Спецификации

### iPod

DC излез: 5 V
MAX: 1 A

### Општо

**Звучник**
Приближ. 5.0 cm dia. 6 Q

**Влез**
AUDIO IN приклучок (0 3.5 mm стерео мини приклучок)

**Излезна моќ**
2 W + 2 W (на 10% хармонична дисторзија)

**Потребна моќ** DC IN 6V

**Димензии**
Приближ. 226 mm × 165 mm × 164 mm (ш/в/д)

**Маса**
Приближ. 1.1 kg (без батерии)

**Испорачани додатоци**
Далечински управувач (1)
AC адаптер (1)
Универзален док адаптер (12) за iPhone (1)
Универзален док адаптер (15) за iPhone 3GS/ iPhone 3G (1)
Универзален док адаптер (19) за iPhone 4S/ iPhone 4 (1)

Дизајнот и спецификациите се предмет на измена без претходнанајава.




**VOLUME + и ▶II копчињата имаат тактични точки.**

# Операции

## Извор за напојување

Овој уред можете да го користите дома или со батерии.

**Уредување на системот за напојување**
Откако ќе заврши репродукцијата на iPod (или компонента поврзана во AUDIO IN приклучокот), ако не се врши никаква работа околу 20 минути, уредот автоматски ќе се исклучи.

### За користење дома

Поврзете го испорачаниот AC адаптер во DC IN 6V приклучокот на задниот делна уредот и поврзете го со штекер.

**Забелешки за AC адаптерот**
- Кога со уредот работите со внатрешни батерии, извадете го AC адаптерот од DC IN 6V приклучокот. Пред да почнете со употреба на уредот проверете дали кабелот е исклучен.
- Користете го само испорачаниот Sony AC адаптер. Поларитетот на приклучокот од други производители може да се разликува. Доколку се користи неисправен AC адаптер може да го оштети уредот.



### За ставање на батериите

Ставете четири AAA/LR03 алкални батерии, или четири NH-AAA батерии на полнење (одделно се продаваат).

**Траење на бат.** (Приближ. часа) (JEITA*)

| Тип на батеријата | Време |
|---|---|
| Sony AAA/LR03 алкални батерии | 10 |
| Sony NH-AAA батерии на полнење | 8 |

* Мерени според стандардите на JEITA (Japan Electronics and Information Technology Industries Association). Вистинското време на траење на батериите може да се разликува во зависност од условите на уредот.

**Кога да ги замените батериите**
Кога батериите се слаби, OPRIBATT индикаторот ќе стане блед и звукот може да биде нарушен

**Забелешки за батериите**
- Не може да се користат манганови батерии.
- Уредот не може да полни било кои батерии.
- Батериите не ги држете заедно со монети или други метални предмети. На тој начин може да предизвикате прегревање ако позитивните и негативните терминали на батериите несакајќи ги допрете со метален предмет.
- Обезбедете правилен поларитет кога ги ставате батериите.
- Ако уредот не го користите подолго време, извадете ги батериите во случај да не истечат или корозираат.
- Не користете различни типови на батерии во исто време.
- Заменете ги батериите истовремено со нови.
- Карактеристиките на батериите зависат од производителот и типот, времетраењето на батериите може да биде пократко, особено кога ги користите на ниски температури.

### За полнење на iPod (само AC)

Уредот можете да го користите како полнач на батерии за Вашиот iPod кога се снабдува со напојување преку AC адаптер.
Полнењето почнува кога iPod е поврзан со уредот. Се прикажува статус за полнење на екранот на iPod. За детали, видете го упатството за употреба на Вашиот iPod.

### Вклучување/исклучување

Допрете I/⏻ (напојување).
Индикаторот OPRIBATT ќе светне кога уредот е вклучен.

## Далечински управувач

Пред да го употребувате далечинското за прв пат, извадете ја изолацијата.
Насочете го далечинското кон ◘ (Сензор за далечинското) на уредот.




**VOLUME + и ▶II копчињата имаат тактични точки.**

I/⏻ (Напојување)*
Вклуч./исклуч. го уредот. Индикаторот OPRIBATT ќе светне кога уредот е вклучен.

▶II (Репродукција/Пауза)
- Повторно почнете со репродукција на iPod. Допрете повторно пауза/продолжување.
- Допрете и држете за исклучување на iPod.

▶▶I (Напред)
- Одете на следната песна.
- Допрете и држете додека слушате за пронаоѓање на саканиот дел.
- Допрете и држете на пауза и пратете на екранот на iPod да најдете сакан дел.

I◀◀ (Назад)
- Враќање на претходната песна. За време на репродукција, оваа операција се враќа на почеток на моменталната песна. Да се вратите на претходната песна, допрете двапати.
- Допрете и држете додека слушате да најдете сакан дел.
- Допрете и држете на пауза и пратете на екранот на iPod да најдете сакан дел.

↑ (Горе)/↓ (Долу)
Изберете од менито или песна за репродукција.

**MENU**
- Враќање во претходното мени.
- Допрете и држете за враќање во главното мени.

**ENTER**
Започнување со избраното мени или почеток на репродукцијата.

**VOL** +/— (Јачина плус/минус)
Прилагодување на јачината.

* Кога користите батерии, допрете на копчето I/⏻ на уредот. Копчето I/⏻на далечинското работи само кога се користи AC адаптер.

### Кога да ја замените батеријата

При нормална употреба, батеријата (CR2025) треба да трае 6 месеци. Кога далечинското веќе не работи, заменете ги батериите со нови.




**Забелешка**
- Ако далечинскиот управувач не го користите подолго време, извадете ги батериите во случај да не истечат или да корозираат.

## Работа со iPod

### Компатибилни iPodIiPhone модели

Компатибилни iPod/iPhone модели се следните.
Надградете го програмот на iPod/iPhone со најнова верзија пред да го употребувате

iPod touch (4-та генерација)
iPod touch (3-та генерација)
iPod touch (2-ра генерација)
iPod touch (1-ва генерација)
iPod nano (-та генерација)*
iPod nano (5-та генерација)
iPod nano (4-та генерација)
iPod nano (3-та генерација)
iPod nano (2-ра генерација)
iPod со видео
iPod classic
iPhone 4S
iPhone 4
iPhone 3GS
iPhone 3G
iPhone

* Универзалниот док адаптер за iPod nano (6-та генерација) не е испорачан со уредот (од март, 2011).
iPod nano (6-та генерација) може да се користи со овој уред без универзален док адаптер.
Кога ќе ставите iPod во уредот, проверете дали го користите универзалниот док адаптер испорачан со Вашиот iPod, или од Apple Inc.
Со iPod nano (6-та генерација) не може да се управува преку далечинското кога е допрено "MENU," "↑," "↓," и "ENTER".

**За авторските права**
iPhone, iPod, iPod classic, iPod nano i iPod touch се заштитни знаци на Apple Inc., регистрирани во САД и други земји.
"Made for iPod" и "Made for iPhone" значи дека електронските додатоци се дизајнирани за поврзување само со iPod или iPhone, и се прилагодени кон стандардите на Apple. Apple не е одговорен за работата на овој уред и неговата усогласеност со безбедност или регулаторните стандарди. Запомнете дека употребата на овие додатоци со iPod или iPhone може да влијаат врз безжичните перформанси.

### Универзален док адаптер

Кога дотерувате iPod во уредот, употребете го универзалниот док адаптер со Вашот iPod или достапни производи од Apple Inc.
Ако користите iPhone 4S, iPhone 4, iPhone 3GS, iPhone 3G или iPhone, прикачете го испорачаниот универзален док адаптер (12), (15) или (19) Соодветниот број на адаптер се наоѓа на внатрешниот дел од адаптерот.

**Испорачан Универзален док адаптер**

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| iPhone | iPhone 3GS/ iPhone 3G | iPhone 4S/ iPhone 4 |



### Ракување

1 Прикачете го адаптерот за iPod.
2 Ставете го iPod во Носач за док.
3 Допрете ▶II.
Кога користите батерии, допрете I/⏻на уредот, а потоа допрете ▶II.
iPod почнува со репродукција.
Со поврзаниот iPod можете да управувате преку уредот или самиот iPod.

**Забелешки**
- Извадете ја кутијата или капакот од iPod пред да го ставите во Носачот за док за стабилнаконекција.
- Кога го ставате или вадите iPod, држете го iPod во ист агол како иконекторите на уредот и не го вртете или виткајте iPod бидејќи тоа може да ги оштети конекторите.
- Уредот не го преместувајте со iPod поставен во Носачот за док. Така може да го оштетите.
- Кога го ставате или вадите iPod, Носачот за док држете го цврсто.
- Пред да го откачите iPod, паузирајте ја репродукцијата.
- Ако батеријата е iPod е при крај, сменете ја пред да почнете со работа.
- iPod touch/iPhone нема да работат освен ако не се вклучени. Вклучете го напојувањето на iPod touch/iPhone пред да почнете со работа.
- Sony не превзема одговорност во случај на губење или оштетување на податоците на iPod кога го користите со овој уред.
- За детали во условите за користење на Вашиот iPod, посетете ја веб страната на Apple Inc.

### Прилагодување на јачината

Допрете VOLUME +/— (VOL +/— на далечинскиот управувач).

**Совет**
- Индикаторот OPRIBATT трепка три пати кога звукот е дотеран на максимум или минимум.

## Поврзување опрема по избор

Можете да уживате во звук од опрема по избор, како на прт. портабл дигитален музички плеер, преку звучниците на уредот. Исклучете го напојувањето на секој уред пред да поврзувате нешто друго.

1 Цврсто поврзете го излезниот приклучок на портабл дигиталниот музички плеер (или друг уред) во AUDIO IN приклучокот на задниот дел од уредот преку соодветен аудио кабел за поврзување (одделно се продава).
2 Допрете I/⏻ за вклучувањена уредот.
3 Вклучете го поврзаниот уред.
4 Репродуцирајте преку поврзаниот уред.
Звукот од поврзаниот уред се слуша преку звучниците на овој уред.

**Забелешки**
- Кабелот за аудио поврзување потребен е во зависност од надворешната опрема. Внимавајте кабелот е соодветен да се поврза надворешниот уред.
- Ако нивото на јачината на звукот е мало, прилагодете ја прво јачината на уредот. Ако јачината е премногу гласна, прилагодете ја преку поврзаната опрема.
- Кога репродуцирате преку надворешна опрема поврзана во AUDIO IN приклучокот, запрете ја репродукцијата на iPod.
- Откачете го аудио кабелот за поврзување кога не се користи аудио влез.